Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-222/3
09 07 2021 год.
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**
**за отфрлање на претставка како неуредна**

На 12.07.2019 до Комисијата за заштита од дискриминација од страна на [redacted] е доставена претставка заведена под бр. 0801-222 поднесена против одреден очен лекар специјалист.

Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон.

Согласно чл. 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Согласно чл. 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020), Комисијата за спречување и заштита на 02.06.2021 година испрати барање до [redacted] за дополнување на суштествените елементи во претставка. Имено, Комисијата побара подносителот на претставката да наведе податоци во однос на име и презиме на потенцијалниот дискриминатор, адреса/седиште и документи/лекарски извештаи кои би придонеле кон подобро утврдување на фактичката состојба. Подносителот на претставката согласно чл. 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација имаше рок од осум дена од денот на приемот на претставката да ја доуреди.

Бидејќи претставката не беше уредена во дадениот рок, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **одлучи да ја отфрли претставката како неуредна врз основа на фактот дека отсуствуваат елементите кои се суштински за водење на постапката.**

Член на Комисијата за спречување и заштита
од дискриминација:

Исмаил Камбери

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Скопје